Врз основа на член 12 став 2 од Законот за комуналните дејности ("Службен весник на РМ" бр. 95/12) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на ден _________.2013 година, донесе

# О д л у к а
# за комунален ред и мерки за нејзино спроведување
# во Општина Велес

## I. Основни одредби

Член 1

Со оваа Одлука се уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето, други прашања од значење за комуналните дејности и мерките за нејзино спроведување во Општина Велес.

Член 2

Под комунален ред се подразбира уредување на поблиските услови и начинот на давање на комунални услуги помеѓу давателите и корисниците на услугите и тоа:

1. Обработка и снабдување со вода за пиење
2. Обработка и испорака на технолошка вода
3. Одведување и пречистување на отпадни води
4. Одржување на јавни санитарни јазли
5. Изградба и одржување на септички јами
6. Одведување и испуштање на атмосферски води
7. Јавен градски и приградски превоз
8. Постапување со комунален, комерцијален и индустриски неопасен отпад
9. Одржување на јавната чистота
10. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини
11. Складирање и чување на градежни материјали на јавни површини
12. Одржување на споменици, спомен плочи, склуптури и обележја
13. Подигнување, одржување и користење на јавно зеленило
14. Одржување и заштита на општинските патишта, улици и други инфраструктурни објекти
15. Одржување на гробишта и давање погребални услуги
16. Одржување на јавно осветлување
17. Одржување и користење на јавен простор за паркирање
18. Одржување и користење на отворени и затворени пазари на големо и мало
19. Вршење на оџачарски работи
20. Одржување на урбана опрема
21. Отстранување и чување на хаварисани, искористени и приклучни возила и земјоделски машини со приклучни или без приклучни орудија
22. Уловување и третман на кучиња – скитници
23. Украсување на градското подрачје и населените места
24. Отстранување и чување на добиток и живина во урбани средини и во населени места
25. Чување на домашни миленици
26. Поставување на плакати, банери, огласи, објави и некролози
27. Поставување и отстранување на подвижни и неподвижни предмети
28. Одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори

Член 3

Комуналните дејности од член 2 на оваа Одлука ги вршат јавни претпријатија основани од Општина Велес, како и други правни и физички лица кои поседуваат дозвола за вршење на комунална дејност (во понатамошниот текст: даватели на услуги).

Корисници на комунална услуга се правни и физички лица кои ги користат услугите на давателот на услугите (во понатамошниот текст: корисници на услуги).

Давателите на услуги се должни да обезбедат постојано и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите, опремата и уредите на комуналната инфраструктура во функционална и исправна состојба.

Корисниците на услугите се должни заради непречено вршење на дејностите од јавен интерес да ги почитуваат одредбите од оваа Одлука.

## II. Обработка и снабдување со вода за пиење

Член 4

Вода за пиење е:

- секоја вода, во својата првобитна состојба или по третман, наменета за консумирање од страна на човекот, готвење, подготовка на храна или за други домашни намени, без оглед на тоа од каде потекнува и дали се снабдува од водоводната мрежа или од цистерни, и
- водата што се користи за производство на храна - за производство, обработка, конзервирање или за продажба на производи или на материи наменети за консумирање од страна на човекот, освен доколку надлежните органи потврдат дека квалитетот на водата може да влијае врз здравствената исправност на прехранбениот готов производ.

Водоснабдителен систем е збир на хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење и тоа: водозафат (место каде давателот на услугата зафаќа површинска или подземна вода), резервоар, објект за обработка на вода, пумпна и хлоринаторска станица, главен довод, магистрален вод, улична водоводна мрежа и водоводен приклучок заедно со придружните објекти и опремата за довод на вода од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.

Водоводна мрежа на корисникот на услугата е од главниот водомер во водмерната шахта и целокупната водоводна мрежа на корисникот на услугата.

Водоводен приклучок е водоводна цевка од уличната мрежа, односно од регионалниот водоснабдителен систем до водоводниот вентил (затворач) пред главниот водомер во водомерната шахта.

Водомерна шахта е објект на корисникот на услугата во која се монтира (поставува) главниот водомер на водоводниот приклучок.

Снабдување со вода за пиење е зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

Член 5

Снабдувањето со вода за пиење е дејност од јавен интерес.

Снабдување со вода за пиење на корисниците на подрачјето на Општина Велес го врши јавното комунално претпријатие основано од општината (во понатамошниот текст: давателот на услугата).

Давателот на услугата врши снабдување со вода за пиење со зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

Давателот на услугата го врши управувањето и одржувањето на водоснабдителниот систем.

Давателот на услугата изготвува План за начинот на вршење на дејноста во вонредни околности согласно стандардите и вредностите на квалитетот на водата и неопходното количество на вода за пиење, во рок од 5 месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука, за која согласност дава Советот на Општина Велес.

Давателот на услугата утврдува надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем и надоместок за цената на кубен метар потрошена вода за пиење.

За висината на надоместоците согласност дава Советот на Општина Велес.

Член 6

Давателот на услугата е должен:

- на корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем;
- доколку дојде до нарушување или прекин во давањето на услугата во случај на оштетување на водоснабдителниот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти, во случај на недоволна периодична издашност на извориштата, во случај на здравствена неисправност на водата за пиење или во случај на прекин во снабдувањето со електрична енергија, таму каде што давателот на услугата е зависен од истата, давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за нарушувањата или за прекинот во давањето на услугата веднаш преку јавните медиуми, согласно закон;
- да врши испитувања на здравствената исправност на водата за пиење на начин и постапка согласно закон и прописите кои произлегуваат од него;
- да ги спроведува санитарно-хигиенските мерки потребни за обезбедување на здравствено исправна вода за пиење согласно закон и прописите кои произлегуваат од него;
- непрекинато да ги одржува во исправна состојба објектите и инсталациите на водоснабдителниот систем во општината;
- да обезбеди дежурна служба за отстранување на дефектите и недостатоците за потребите на водоводната мрежа;
- да ги изведува работите за водоводниот приклучок од водоводната цевка од уличната мрежа до водоводниот вентил (затварач) пред главниот водомер и водомерот со водомерната арматура во водомерната шахта;
- да ги снабди корисниците на услугата со вода за пиење на начин утврден со Планот за вршење на дејноста во вонредни околности, доколку корисниците на услугата не можат да се снабдат со вода за пиење непрекинато над 24 часа, како и да ги информира корисниците на услугата за начинот на снабдувањето;
- на барање на инвеститорот, пред добивањето на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект да издаде потврда за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа;
- да води целосна документација за водоснабдителниот систем (постоечки и планиран), заради воспоставување на регистер на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации;
- да го одржува во исправна и функционална состојба водоснабдителниот систем од денот на добивањето на решение за употреба;
- да го одржува водоводниот приклучок на корисникот на услугата и тоа:

- водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајќи го и првиот вентил пред водомерот кај индивидуалните станбени објекти, односно до границата на имотот (ако водомерната шахта е поставена на непрописно и непристапно место или е сместена во подрумски простории),
- за колективни станбени згради, водоводната инсталација до надворешниот ѕид од станбениот објект, ако главниот водомер се наоѓа во објектот, и
- водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајќи го првиот вентил пред водомерот, ако водомерната шахта се наоѓа пред колективната станбена зграда;

- пред започнување на градежни зафати за рескопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина за отстранување на дефект, реконструкција или поставување нова инсталација, да обезбеди одобрение за раскопување од Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија/Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура во Општина Велес;
- доколку дефектот на водоснабдителниот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети за раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата го врши веднаш, за кое го усно и писмено го известува Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија/Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура во Општина Велес, а дополнително обезбедува одобрение. По завршувањето на работите давателот на услугата е должен прекопаната површина ја доведе во првобитна состојба;
- да ја надомести утврдената штета на сопственикот или корисникот на замјиштето, направена при изведување на работите заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од водоснабдителниот систем;
- да овласти лица заради читање на водомери, одржување на водоводен приклучок, контрола на исправност на хидрофорските постројки и други уреди, кои поседуваат легитимација издадена од давателот на услугата. При вршење на контролата овластените лица се должни да се легитимираат пред корисникот на услугата;
- други работи поврзани со управувањето и одржувањето на водоводната мрежа.

Член 7

Во случај на недостиг на вода за пиење (виша сила, намалување на издашност на извори и слично), давателот на услугата изготвува Упатство за штедење на водата од страна на корисниците на услугата усвоено од Советот на општината.

Во случај на вонредни околности кои доведуваат до прекин на снабдувањето со вода за пиење повеќе од 24 часа, јавното комунално претпријатие врши снабдување со безбедна вода за пиење со помош на цистерни, се до отстранување на причините за прекин на снабдувањето со вода за пиење.

Член 8

Одобрението за раскопување утврдено во член 6 алинеја 14 и 15 го издава Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Велес, по предходно извршен увид на лице место со документирање на првобитната состојба (утврдено со записник, со изготвена фото

документација).

Одобрението задолжително содржи:

- назив и седиште на инвеститорот;
- прилог на документација;
- датум на издавање и рок на важност на одобрението;
- обезбедување на услови за безбедно одвивање на сообраќајот;
- рок за враќање на површините во првобитна состојба;
- изготвувач и
- потпис од овластено лице.

Член 9

Давателот на услугата е должен изградбата, доградбата и реконструкцијата на водоснабдителниот систем да ја врши на начин и услови согласно закон, согласно Развојниот план за вршење на комунални дејности донесен од страна на Советот на Општина Велес и Годишната програма изготвена од давателот на услугата, по предходна согласност од Советот на општината.

Тековното одржување на водоснабдителниот систем е обврска на давателот на услугата.

Член 10

При изведување на нова водоводна мрежа или реконструкција на постоечката, инвеститорот е должен да поднесе барање до Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија/Одделението за урбанизам и заштита на животна средина во Општина Велес, заради добивање одобрение.

Член 11

За приклучување на новите корисници на водоводната мрежа, како и за зголемување на протокот на потрошувачката на вода, корисниците на услугата претходно се должни да обезбедат хидротехнички услови од давателот на услугата.

Давателот на услугата ќе издаде хидротехнички услови ако тоа го дозволуваат техничките и економските можности и ако со тековното зголемување на потрошувачката на вода битно не се влоши квалитетот, квантитетот на водоснабдувањото на постојните корисници на услугата.

Член 12

Новите корисници на услугата ќе бидат приклучени на постојниот јавен водовод доколку ги исполнуваат условите утврдени со важечките прописи и техничките нормативи, за кое приклучување одлучува давателот на услугата.

Новите корисници на услугата ќе бидат приклучени на јавниот водовод само ако водоводната инсталација во нивните објекти е изградена според важечките прописи и техничките нормативи и истата е изградена од правно или физичко лице што врши дејност, овластено да изведува водоводна инсталација.

Давателот на услугата не може да приклучи градежен објект на јавен водовод ако е изграден спротивно на закон.

Член 13

Со хидротехнички услови се определуваат условите и начинот на приклучување на корисниците на јавниот водовод, како и меѓусебните права и обврски.

Давателот на услугата е должен во рок од 15 дена сметано од денот на

поднесувањето да се произнесе по барањето за добивање на водоприклучната согласност.

Барањето за хидротехнички услови содржи податоци кои ги определува барателот на услугата.

Доколку давателот на услугата донесе решение за хидротехнички услови, склучува договор со корисникот на услугата во кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

Член 14

Давателот на услугата врши набавка и замена на водомерните делови и водомерната арматура на корисниците.

Корисникот на услугата е должен да се грижи за водомерот за да не дојде до негово оштетување.

Доколку водомерот биде оштетен од негрижа на корисникот на услугата, замената, поправката и баждарењето ќе се врши на негов товар (утврдено со записник од страна на стручно лице од давателот на услугата).

Во други случаи, поправката на водомерот и неговата замена паѓа на товар на давателот на услугата, како и трошоците за редовно баждарење.

Чистењето, монтирањето и демонтирањето на водомерите и водомерната арматура се врши од стручно лице од давателот на услугата со дадено овластување.

Корисникот на услугата е должен на овластеното лице да му овозможи непречено чистење, читање и демонтирање на водомерот.

Член 15

Доколку корисникот на услугата утврди неисправност на сопствениот водоводен приклучок и водоводна линија должен е веднаш да го извести давателот на услугата. Доколку не ја пријави настанатата неисправност, должен е да ја надомести штетата.

По добивањето на известувањето давателот на услугата е должен веднаш, а најдоцна за 10 часа да преземе мерки за отстранување на неисправноста.

Член 16

Користењето на водата од противпожарните и уличните хидранти е исклучиво наменско.

Освен давателот на услугата, физичките и правните лица не смеат да манипулираат со водата од уличните хидранти.

Физички и правни лица не смеат да користат вода од противпожарните хидранти за полевање на површини и други индивидуални потреби.

Член 17

Давателот на услугата има право да го прекине снабдувањето со вода за пиење во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја подмири сметката за плаќање на надоместокот за комунални услуги.

Давателот на услугата е должен да го прекине снабдувањето со вода за пиење без претходна писмена опомена, но со предходно извршен увид на лице место и составен записник од страна на стручни лица на давателот на услугата, во случај, ако:

- продолжувањето со снабдувањето со вода за пиење претставува опасност за трети лица или за животната средина и
- физичко или правно лице бесправно се поврзе на водоводен приклучок.

Давателот на услугата ќе го прекине снабдувањето со вода за пиење со претходно известување, врз основа на записник од предходно извршен увид на лице

место од страна на стручни лица со дадено овластување од давателот на услугата, со исклучок на став 3 алинеја 2 од овој член ако:
- настане поголемо оштетување на водоснабдителниот систем, со цел да се отстранат оштетувањата со што ќе се спречи непотребно трошење на вода и правење штета на друг корисник;
- е донесено решение од страна на надлежен инспекциски орган;
- корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;
- корисникот на услугата не се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција согласно Упатството за штедење на вода;
- водоводната мрежа на корисникот на услугата која е приклучена на уличната мрежа, ја поврзе со водоводна инсталација и со уреди кои добиваат вода од индивидуални извори и техничка вода;
- ако местото каде што се наоѓа водомерот е нечисто, затрупано или е непристапно, а корисникот не ги отстрани недостатоците и по писмената опомена од стручно лице од давателот на услугата;
- ако водата ја употребува за залевање на земјоделски површини;
- ако корисникот на услугата бесправно користи вода пред водомер.

Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од ставовите 1 и 3 алинеи 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член паѓаат на товар на корисникот на услугата.

Давателот на услугата има право да бара надоместок на штета од било кое физичко или правно лице кое бесправно се приклучило на водоводната мрежа.

Член 18

Единствено давателот на услугата има право да ја отвори и затвори арматурата од двете страни на водомерот.

По исклучок, корисникот на услугата може да ја затвори арматурата после водомерот во случај на дефект или интервенции во внатрешната инсталација, а арматурата пред водомерот само во случај на дефект на водомерот.

Корисникот на услугата за дефектот на водомерот е должен веднаш или најдоцна во рок од 24 часа да го извести давателот на услугата.

Ако корисникот смета дека водомерот е неисправен, должен е да побара давателот на услугата да изврши преглед на исправноста на водомерот.

Член 19

На локации над и покрај водоводната шахта и приклучоците како што се: затварачи, огрлици, улични хидранти и шахти не е дозволено депонирање на било каков материјал кој ќе ја оневозможи нивната употреба.

Доколку се случи тоа, давателот на услугата ќе го отстрани материјалот за сметка на прекршителот.

Член 20

Ако јавната водоводна мрежа или приклучоците поминуваат преку земјиште, дворно место или под изграден објект на корисникот на услугата, а заради одржување на јавната водоводна мрежа и приклучоците, давателот на услугата има право на непречена работа. Сопственикот или корисникот на земјиштето, дворното место или на објектот има право на надоместок од евентуална штета во согласност со закон.

Член 21

Доколку дојде до преместување на водоводната мрежа и приклучоци заради спроведување на урбанистички план, како и за доградба на подземни инсталации,

сообраќајници и други објекти, трошоците ќе ги сноси инвеститорот на објектот кој го предизвикува преместувањето на водоводните линии.

Член 22

Корисникот на услугата е должен:

- Да се приклучи на јавната водоводна мрежа;
- Пред добивање на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект, да обезбеди потврда од давателот на услугата за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа;
- При дефект на водоводната мрежа која поминува низ неговиот имот да му овозможи на давателот на услугата непречено отстранување на дефектот;
- На локации над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку три метри, да не депонира било каков материјал, со кој би се оневожможила нејзина употреба и користење;
- Да дозволи премин преку земјиштето на кое е сопственик или корисник заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од водоснабдителниот систем;
- Да поседува исправен водомер како мерно средство за определување на потрошувачката на вода;
- Да овозможи пристап на овластено лице на давателот на услугата заради читање на водомери и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на хидрофорските постројки и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на уличната водоводна мрежа;
- Во случај на неисправен водомер веднаш, а најдоцна во рок од три дена да го извести давателот на услугата за дефектот;
- Да се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција .

Член 23

Физичките и правните лица кои произведуваат и вршат промет со прехранбени производи и пијалоци, а кои се лоцирани на простор опфатен со урбанистичкиот план на општината во реони каде постои можност за користење на вода од водоснабдителниот систем, должни се да се приклучат и да ја користат водата од јавниот водоснабдителен систем.

Член 24

Заради заштита и спречување на оштетување на водоснабдителниот систем се забранува:

- Изградба на станбени и други објекти над водоводната мрежа;
- Приклучување на водоводна мрежа без одобрение за приклучување;
- Поврзување на водоводна мрежа на корисникот на услугата кој користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот приклучок;
- Бесправно користење на вода пред водомер;
- Приклучување на водоснабдителниот систем на објектите кои немаат одобрение за градење;
- Самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водоводни арматури без согласност на давателот на услугата;
- Вршење изградба на објекти од водоснабдителен систем без одобрение за градење;

- Бесправно користење на вода без исправно поставен водомер;
- Намерно оштетување на јавната водоводна мрежа и јавните украсни чешми;
- Корисникот на услугата без одобрение да дозволи приклучувања на друг корисник од неговиот приклучок;
- Депонирање на каков било материјал над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку три метри.

Член 25

Одржувањето на изградените водоводни објекти и инсталации кои не се дел од јавниот водоснабдителен систем, се преотстапува на давателот на услугата со Одлука на Советот на општината.

Комисија формирана од основачот ќе ја утврди техничката исправност на водоводни објекти и инсталации, како и исправноста на водата за пиење со констатирање на записник.

Комисијата ќе биде составена од 6 члена од кои 3 од основачот, 2 од давателот на услугата и 1 надворешен независен консултант.

Во случај кога водоводни објекти, инсталациите и водата се технички исправни комисијата дава позитивни препораки за преотстапување.

Во случај кога водоводни објекти, инсталациите и водата се технички неисправни, Комисијата дава препораки за превземање на мерки и активности за доведување на истите во технички исправна состојба.

Општината планира прооритетни активности во Развојниот план за вршење на комунални дејности со приоретизација на системите на кои се потребни технички интервенции и Годишните програми за инвестиции за водоснабдителни системи донесени од давателот на услугата, а усвоени од Советот на општината.

## III. Обработка и испорака на технолошка вода

Член 26

Под обработка и испорака на технолошка вода се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на технолошка вода до мерниот инструмент на корисникот.

Член 27

Водата може да се користи од бунари за индустриски, технолошки и стопански потреби само врз основа на предходно добиена дозвола во согласност со закон.

Оваа вода не е дел од јавниот водоснабдителен систем.

Член 28

Давателот на услугата е должен за перење на јавните површини да користи исклучиво техничка вода.

## IV. Одведување и пречистување на отпадни води

Член 29

Одведување на урбани отпадни води е собирање на отпадните води од станбените, деловните, производните, административните и слични простори во општината, од приклучокот на дворната мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување во пречистителните станици и испуштање на отпадните води во реципиентот, како и чистење на септички јами.

Член 30

Одделни изрази во оваа одлука го имаат следново значење:

- Реципиент е секоја проточна и стоечка вода на површината на земјата во која се испуштаат урбаните отпадни и атмосферски води;
- Урбани отпадни води се отпадни води од домаќинства, индустриски отпадни води и атмосферски води, односно мешавина од отпадни води од домаќинства, индустриски отпадни води и атмосферски води;
- Отпадни води од домаќинствата се отпадни води од станбени населби и од сервисните капацитети, кои што главно потекнуваат од човечкиот метаболизам и од активностите во домаќинствата;
- Индустриска отпадна вода е секоја отпадна вода што се исфрла од просториите кои се користат за извршување на индустриска или трговска дејност;
- Канализационен систем е збир на хидротехнички објекти и тоа: колектори, магистрални канали, улична канализациона мрежа, атмосферска канализациона мрежа, црпни станици, сифони и постројки за пречистување на урбаните отпадни води;
- Канализациона мрежа на корисникот на услугата е внатрешна канализациона мрежа во објектот на корисникот, вклучувајќи ја и приклучната шахта;
- Канализационен приклучок е спојот на канализационата мрежа на корисникот на услугата со уличната канализациона мрежа;
- Хидротехнички услови е документ издаден од давателот на услугата, врз основа на претходно добиени услови за градба во кои се дефинира постоечката, односно предвидената улична канализациона мрежа;
- Ревизиони шахти се објекти кои се поставуваат на одредени растојанија на уличната канализациона мрежа и служат за контрола и одржување на истата;
- Приклучни (контролни) шахти се објекти кои се наоѓаат на канализациониот приклучок меѓу уличната канализациона мрежа и објектот на корисникот на услугата и служат за одржување на канализациониот приклучок на корисникот на услугата;
- Давател на услугата е јавно претпријатие основано од општината кое ги исполнува условите на вршење на дејноста, одведување и пречистување на отпадни води.
- Корисник на услугата е правно или физичко лице сопственик на станбен, деловен, производствен, административен и на нив сличен објект, вклучувајќи го и куќниот совет, приклучен на канализационата мрежа.

Член 31

Одведувањето на урбани отпадни води од корисниците на подрачјето на Општина Велес го врши јавното комунално претпријатие основано од општината (во понатамошниот текст: давателот на услугата).

Давателот на услугата е должен изградбата, доградбата и реконструкцијата на системот за одведување на отпадни води да ја врши на начин и услови согласно закон, согласно Развојниот план за вршење на комунални дејности донесен од страна на Советот на Општина Велес и Годишната програма изготвена од давателот на услугата, по предходна согласност од Советот на општината.

Тековното одржување на системот за одведување на урбани отпадни води е обврска на давателот на услугата.

Член 32

Давателот на услугата врши:

- Одведување на урбани отпадни води во реципиентот со нивно собирање од

корисниците на услугата преку канализационата мрежа, пречистување и испуштање во реципиентот;
- Управување, одржување и функционалност на канализациониот систем;
- Редовно одржување и спроведување на санитарно-хигиенските прописи на канализационата мрежа (перење на канализација при појава на смрдеа, особено во време на високи температури, како и спроведување на редовна годишна дератизација на целокупниот канализационен систем);
- Обезбедува дежурна служба за отстранување на дефектите и недостатоците за потребите на канализационата мрежа;
- Дава одобрение за приклучок и го изведува самиот приклучок:
- Пропишува технички услови за изведување на приклучок и на објектите за приклучок;
- Други работи сврзани со управувањето и одржувањето на канализационата мрежа.

Член 33

Давателот на услугата е должен:
- На корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато одведување на урбаните отпадни води преку изградениот канализационен систем;
- Изградбата, реконструкцијата или доградбата на канализациониот систем да ја врши на начин и услови определени со закон, согласно Развојниот план за вршење на комунални дејности донесен од страна на Советот на Општина Велес и Годишната програма изготвена од давателот на услугата, по предходна согласност од советот на општината;
- На барање на корисникот на услугата (инвеститор) пред добивање на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект, да издаде потврда на корисникот на услугата за постоење или непостоење на канализационата мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализационата мрежа;
- Да води целосна документација за канализациониот систем (постоечки и планиран), заради воспоставување на регистер на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации;
- Да го одржува во исправна и функционална состојба постоечкиот, како и сите новоизградени канализациони системи од денот на добивањето на решение за употреба;
- Пред започнување на градежни зафати за раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина за отстранување на дефект, реконструкција или воспоставување нова инсталација, да обезбеди одобрение за раскопување од Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија / Одделението за комунални работи,сообраќај, изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Велес;
- Доколку дефектот на канализациониот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети за раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата го врши веднаш без да обезбеди одобрение, но за преземените мерки е должен писмено да го извести Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија/Одделението за комунални работи,сообраќај,

изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Велес. По завршувањето на работите давателот на услугата е должен прекопаната површина да ја доведе во првобитна состојба;
- Да ја надомести утврдената штета на сопственикот или корисникот на земјиштето, направена при изведување на работите заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од канализациониот систем согласно закон;
- Да врши приклучување на канализационата линија на корисникот на услугата до канализационата мрежа, како и одржување на канализациониот приклучок;
- Да овласти лица за контрола на исправност на канализациона мрежа на корисникот да услугата, кои поседуваат легитимиција издадена од давателот на услугата. При вршење на контролата, овластените лица се должни да се легитимираат пред корисникот на услугата.

Член 34

Корисникот на услугата е должен:
- Да се приклучи на јавната канализациона мрежа;
- Пред добивање на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект, да обезбеди потврда од давателот на услугата за постоење или непостоење на канализациона мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализационата мрежа;
- При дефект на канализационата мрежа која поминува низ неговиот имот да му овозможи на давателот на услугата непречено отстранување на дефектот;
- Да дозволи премин преку земјиштето на кое е сопственик или корисник заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од канализациониот систем;
- Да овозможи пристап на овластен работник на давателот на услугата на канализациониот приклучок, како и за контрола на исправноста на канализационата мрежа;
- Во случај на дефект на канализационата мрежа веднаш, а најдоцна во рок од три дена да го извести давателот на услугата за дефектот;
- Да врши испуштање на индустриски отпадни води во канализационен систем само доколку карактеристиките на отпадната вода се во согласност со прописите за квалитет и со граничните вредности на емисии на одредени опасни и штетни материи и супстанци.

Корисниците на услугата кои користат услуги од давателот на услугата за одведување на отпадни води, а вршат водоснабдување од бунари за индустриски, технолошки и стопански потреби се должни да постават мерач за проток на вода испумпана од бунарот.

Член 35

Давателот на услугата има право да го прекине одведувањето на отпадни води во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја подмирил сметката за плаќање на надоместокот за комунални услуги.

Давателот на услугата по предходно извршен увид на лице место и составен

записник од страна на стручни лица на давателот на услугата е должен да го прекине одведувањето на отпадни води без претходна писмена опомена ако:
- продолжувањето со одведувањето на урбаните отпадни води претставува опасност за трети лица или за животната средина и
- физичко или правно лице бесправно се поврзе на канализационен приклучок.

Давателот на услугата ќе го прекине одведувањето на отпадни води со претходно известување врз основа на записник од предходно извршен увид на лице место од страна на стручни лица на давателот на услугата, со исклучок на став 3 алинеја 2 од овој член ако:
- настане поголемо оштетување на канализациониот систем, со цел да се отстранат оштетувањата со што ќе се спречи непотребно излевање на вода и правење штета на друг корисник;
- е донесено решение од страна на надлежен инспекциски орган;
- корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;
- корисникот врши одведување на води со примена на киселина, алкохолни и други соли, води кои содржат бензин, нафта, разни масла и други хемикалии што разорно делуваат на канализационите цевки и топли води со температура над 40С;
- корисникот врши одведување на води и предмети што развиваат токсични експлозивни гасови;
- корисникот врши одведување на отпадни води со отпадни материи и води што можат да ги оштетат ѕидовите на канализационата мрежа или да го попречат правилното функционирање на мрежата;
- корисникот со одведувањето на отпадна вода врши одведување на отпад, пепел, коски, гипс, цемент, песок, крпи и други хигиенски предмети што можат да ја оштетат или зачепат канализационата мрежа и да го попречат нејзиното нормално функционирање;

Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од ставовите 1 и 3 алинеи 3, 4, 5 , 6 и 7 на овој член паѓаат на товар на корисникот на услугата.

Член 36

Заради заштита и спречување на оштетување на канализациониот систем се забранува:

- Изградба на станбени и други објекти над канализационата мрежа;
- Приклучување на канализационата мрежа без одобрение за приклучување;
- Испуштање на цврсти материи: песок, земја, цемент, вар, камења, дрва, пепел, трска, метал, стакло, пластични материи, катран и други слични материи со поголем вискозитет во канализациониот систем;
- Испуштање на урбани отпадни води чија концентрација на сулфатниот јон е поголема од 400 мг/л, како и урбани отпадни води од септички јами и отпад во канализациониот систем;
- Испуштање на отпадни материи и води кои ги оштетуваат ѕидовите на канализациониот систем;
- Испуштање на нафта и нафтени деривати, како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во канализациониот систем;
- Приклучување на канализациониот систем на објектите кои немаат одобрение за градење;
- Испуштање на отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во системот на атмосферската канализација, односно испуштање на атмосферски води во канализациониот систем за отпадни води од домаќинства и

индустриски отпадни води;
- Испуштање на индустриски отпадни води во канализациониот систем без претходно извршено потребно пречистување;
- Оштетување на канализационата мрежа на било каков начин;
- Испуштање на предмети што развиваат токсични експлозивни гасови;
- Испуштање на предмети и материи кои се причинители на заразни и паразитни заболувања и радиоактивно зрачење.

Член 37

Одржувањето на изградените канализациони објекти и инсталации кои не се дел од јавниот канализационен систем, се преотстапува на давателот на услугата со Одлука на Советот на општината.

Комисија формирана од основачот предходно ќе ја утврди техничката исправност констатирана со записник.

Комисијата ќе биде составена од 6 члена од кои 3 од основачот, 2 од давателот на услугата и 1 надворешен независен консултант.

Во случај кога канализационите објекти и инсталации се технички исправни, комисијата дава позитивна препораки за преотстапување.

Во случај кога канализационите објекти и инсталации се технички неисправни Комисијата дава препораки за превземање на мерки и активности за доведување на истите во технички исправна состојба.

Општината планира приоритетни активности во Развојниот план за вршење на комунални дејности со приоретизација на системите на кои се потребни технички интервенции и Годишните програми за инвестиции за канализационите системи донесени од давателот на услугата, а усвоени од Советот на општината.

## V.Одржување на јавни санитарни јазли

Член 38

Јавните санитарни јазли ги одржува јавното комунално претпријатие основано од општината согласно Годишната програма за јавна чистота на територијата на Општина Велес или друго правно или физичко лице кое поседува овластување за вршење на вакви активности.

Член 39

Јавните санитарни јазли мораат да бидат опремени со соодветна санитарна опрема, да се одржуваат во чиста и исправна состојба, редовно да се варосуваат и дезинфицираат.

Работното време на јавните санитарни јазли е од 08:00 часот до 20:00 часот од понеделник до сабота и од 08:00 часот до16:00 часот во недела.

За користење на јавните санитарни јазли не се наплатува надоместок од корисниците.

Член 40

Забрането е оштетување на санитарната и друга опрема во јавните санитарни јазли.

Член 41

Локациите за поставување, начинот на користење и одржување на мобилни санитарни јазли, надвор од Годишната програмата за јавна чистота ќе биде регулиран со посебен договор помеѓу општината и овластен субјект, по претходно донесена Одлука од страна на советот на општината.

## VI. Изградба и одржување на септички јами

Член 42

Во населените места на подрачјето на Општина Велес и на делови од градежниот опфат на градот каде што не е изградена канализација, отпадните води, односно фекалиите задолжително се испуштаат во септички јами.

Септичките јами треба да бидат изградени согласно стандардите и прописите за изградба на овој вид на објекти, со предходна издадена согласност од Државен санитарен и здравствен инспекторат. Тие не смеат да бидат отворени, треба да се покриени со бетонски плочи и добро заштитени.

Септичките јами треба редовно и санитарно-хигиенски да се одржуваат.

Септичките јами не смеат да се празнат на јавните и сообраќајните површини, ниту во отворените канали за истекување на атмосферските води.

Член 43

Во населените места на подрачјето на Општина Велес и на делови од градежниот опфат на градот каде што не е изградена канализација сопствениците и корисниците треба да имаат изградено санитарно-хигиенски клозети (во понатамошниот текст: полски клозет).

Полските клозети можат да бидат изградени и во дворните места на станбените и деловните објекти, но под услов да бидат изградени од тврд материјал, поврзани со септичка јама без прелив, според санитарно - хигиенски прописи, редовно да се одржуваат чисти, да се варосуваат и дезинфицираат.

Член 44

Чистењето на септичките јами и полските клозети ќе го врши јавното комунално претпријатие основано од општината или правно или физичко лице кое поседува одобрение издадено од надлежен орган.

Чистењето се врши на начин и со средства согласно санитарно - хигиенски мерки, а по извршеното чистење мора да се изврши дезинфекција на теренот непосредно околу септичката јама и полскиот клозет.

Член 45

По изградба на канализационен систем, корисниците мора да се приклучат на истиот.

По приклучувањето на системот од став 1 на овој член, сопствениците на септичките јами ќе извршат асанација и конзервирање на јамите, односно истите ќе ги стават вон употреба.

Постапувањето со тињата од септичките јами е уредено со подзаконски акт.

## VII. Одведување и испуштање на атмосферски води

Член 46

Под одведување на атмосферски води се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбаните површини, одведување преку атмосферската канализациона мрежа и испуштање во реципиент.

Атмосферски води се сите површински води предизвикани од атмосферските врнежи кои преку сливниците се слеваат во атмосферската канализација.

Атмосферска канализација (мрежа) е збир на хидротехнички објекти кои служат

за прифаќање, одведување и испуштање на атмосферска вода во реципиент.

Член 47

Дејноста за вршење на одведувањето и испуштањето на атмосферските води општината може да ја довери на јавното комунално претпријатие основано од општината (во натамошниот текст: давател на услугата).

Член 48

Давателот на услугата врши:
- прифаќање, одведување и испуштање на атмосферските води од урбаните површини преку атмосферскиот канализационен систем до реципиентот;
- управување и одржување на атмосферската канализациона мрежа.

Член 49

Давателот на услугата е должен:
- Трајно и непрекинато да обезбеди одведување на атмосферските води од урбаните површини преку изградената атмосферска канализациона мрежа;
- Да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната атмосферска канализациона мрежа, а посебно да врши редовно прочистување и да врши поправка на оштетените придружни објекти на атмосферската канализациона мрежа;
- Да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и водотеци во грдежниот опфат на градот и населените места;
- Во случај на поголеми врнежи од дожд или нагло топење на снегот да обезбеди дежурна служба за интервенција и итно санирање и отстранување на настанатите штети, со цел да се обезбеди нормалното функционирање на атмосферската канализациона мрежа;
- Да врши редовна поправка на оштетените делови од атмосферската канализациона мрежа;
- Да обезбеди целосна документација на канализациониот систем за прифаќање на атмосферските води, заради воспоставување на подземен катастар.

Член 50

Заради заштита и спречување на оштетување на атмосферската канализациона мрежа се забранува:
- Испуштање на отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води во системот на атмосферската канализација;
- Испуштање на отпадни води од септичките јами и друг отпад во системот на атмосферската канализација;
- Испуштање на нафта и нафтени деривати, разни масла и слично како и цврсти и течни запаливи материи и експлозивни материи во системот на канализационата атмосферска мрежа;
- Приклучување на фекалната канализација во атмосферската канализација;
- Фрлање на било какви предмети и отпадоци во отворените канали и водотеци;
- Оштетување на цевките на атмосферската канализациона мрежа и нејзините придружни објекти.

**VIII. Јавен градски и приградски превоз**

Член 51

Под јавен градски и приградски превоз се подразбира општински линиски

превоз на патници што како јавен превоз се врши на територијата на Општина Велес.

Општински линиски превоз на патници на подрачјето на општината можат да вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на таков вид превоз, што ја издава Градоначалникот на општината.

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на општински линиски превоз на патници, откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај Градоначалникот на општината.

Општинскиот линиски превоз на патници на територијата на Општина Велес се регулира со посебна Одлука.

## IX. Постапување со комунален, комерцијален и индустриски неопасен отпад

Член 52

Посебните правила за постапување со комунален, комерцијален и индустриски неопасен отпад на територијата на општината како што е собирањето, транспортирањето, селектирањето и отстранувањето на отпадот, обврските на давателите и корисниците на услугите и мерките за спроведување се регулираат во посебни Одлуки.

## X. Одржување на јавната чистота

Член 53

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување заради обезбедување на чиста и здрава животна средина.

Одржувањето на јавната чистота на територијата на општината се регулира со посебна Одлука.

Спроведување на активностите на одржување на јавната чистота се врши врз основа на Годишна програма донесена од Советот на општината.

## XI. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини

Член 54

Истоварот, сечењето, цепењето, складирањето на огревното дрво и јагленот треба да се врши во дворните места на станбените и деловните објекти.

По исклучок, во случај кога нема просторни услови од ставот 1 на овој член, истовар, сечење и складирање на огревно дрво и јаглен може да се врши на јавни површини, но при тоа не смее да се попречува нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот и протокот на атмосферските води.

Складираниот материјал мора да се отстрани од јавните површини најдоцна во рок од 3 дена од денот на истоварот, а потоа јавната површина да се доведе во задоволителна состојба.

Забрането е:

- Цепење на огревно дрво и кршење на јаглен на јавните и сообраќајните површини;
- Сечење на огревно дрво со моторни пили и други слични бучни направи и кршење на јаглен во државни празници и во недела;
- Сечење на огревно дрво и кршење на јаглен во време на пладневен одмор

на граѓаните од 15.00 до 18.00 часот и во ноќните часови по 21.00 часот.

-

## XII. Складирање и чување на градежни материјали на јавна површина

Член 55

Складирање и чување на градежни материјали се врши во оформено градилиште или во дворното место на правните и физичките лица.

По исклучок од од став 1 на овој член, складирање и чување на градежни материјали може да се врши на јавни површини со одобрение издадено од Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија / Одделението за комунални дејности, сообраќај и изградба и одржување на комуналната инфраструктура на Општина Велес, за период од 15 дена.

Забрането е мешање на малтер и бетон на јавни површини.

## XIII. Одржување на споменици, спомен плочи, склуптури и обележја

Член 56

Споменициte, спомен плочите, склуптурите и обележјата мора да се одржуваат во функционална и исправна состојба.

Член 57

Спомениците, спомен плочите, склуптурите и обележјата ги одржува јавното комунално претпријатие основано од општината, согласно Годишната програма за јавна чистота на територијата на Општина Велес.

Член 58

Заради функционалност и намена на спомениците, спомен плочите, склуптурите и обележјата забрането е:

- Уништување и преместување на спомениците, спомен плочите, склуптурите и обележјата;
- Пишување на натписи и графити на спомениците, спомен плочите, склуптурите и обележјата;
- Лепење на било каков информативен, рекламен, пропаганден или изборен материјал;
- Фрлање и оставање на комунален отпад во и околу истите;
- Поливање со било какви течности на спомениците, спомен плочите, склуптурите и обележјата.

## XIV. Подигнување, одржување и користење на јавно зеленило

Член 59

Под подигнување, одржување и користење на јавно зеленило се подразбира уредување, обновување, заштита, како и начинот на користење на јавното зеленило на подрачјето на Општина Велес.

Член 60

Под зеленило во смисла на оваа Одлука се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, декоративни грмушки, дрвја и дрвореди.

Под јавно зеленило во смисол на оваа Одлука спаѓа парковското зеленило, зелените површини на улиците, плоштадите, културно-историските споменици, јавните паркиралишта, детските игралишта, спортските терени, камп просторите, гробиштата, водно-рекреативните површини, како и во дворните места на урбаните единици и на јавните објекти на општината.

Под зелени површини на урбани единици и објекти се подразбираат зелените површини во дворните места на колективните стамбени згради, како и зеленило во образовните, културните, здравствените и други институции.

Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за одмор и рекреација.

Водно-рекреативни површини се определени простори (крајбрежните делови на акумулационите езера и реките оспособени за капење, градскиот базен и аква-парковите) на подрачјето на општината, кои се користат од страна на граѓаните за одмор и рекреација.

Член 62

Подигнување и одржување на јавното зеленило на територијата на општината врши јавното комунално претпријатие основано од општината (во понатамошниот текст: давател на услугата).

Подигнување на нови јавни зелени површини врши давателот на услугата, врз основа на Годишна програма за реконструкција и подигнување на нови зелени површини донесена од Советот на Општина Велес.

Одржувањето на јавното зеленило го врши давателот на услугата, врз основа на Годишна програма за уредување и одржување на градското зеленило донесена од Советот на Општина Велес.

Годишната програма од ставот 2 на овој член содржи: евидентирање на површините, операциите на одржување, фреквенцијата на одржување, финансиските средства потребни за извршување на овие работи и изворите на финансирање.

Одржување на урбаната опрема на површините под јавно зеленило ја врши Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија/ Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комунална инфраструктура согласно Годишна програма.

Член 63

Давателот на услугата е должен:

- Сезонски хортикултурно да ги уредува површините во пролетниот и есенскиот период ;
- Редовно да ја одржува јавната чистота на површините;
- Редовно да ги одржува патеките и просторот наменет за шеталиште;
- Да врши редовно наводнување на површини;
- Да обезбеди чуварска служба во парковите.

Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура од општината е должно во јавното зеленило :

- да постави соодветна урбана опрема (корпи за отпадоци, клупи за седење и сл.);
- да ја одржува урбаната опрема во исправна и функционална состојба.

Член 64

Одржувањето на зеленилото во дворните површини на колективните станбени објекти за кои е извршена трансформација и со кои се стекнува право на сопственост

е должност на заедницата на станари.

Одржувањето на зеленилото во дворните места на колективните станбени објекти, како и на зеленилото во дворните површини на јавните објекти во надлежност на општината се одржува по барање на корисниците на објектите и по налог на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија /Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура од општината.

Средствата за извршување работите од став 2 на овој член се вонредни активности и се финансираат од Годишната програма за уредување и одржување на градското зеленило.

Член 65

Одржувањето на водно-рекреативните површини подразбира:
- од крајбрежниот појас на површините да е отстранет наносот и нечистотијата;
- да се уредени пешачките патеки;
- да се поставени корпи за отпадоци и да е регулирано нивното празнење.

Одржување на просторот покрај водно-рекреативните површини е предвидено во Годишната програма за одржување на јавната чистота на територијата на општината.

За санитарно-хигиенската исправност на водата за капење во водно-рекреативните површини пред почетокот на сезоната за капење општината е должна да ги информира граѓаните преку јавните гласила и својата веб страница, а врз основа на документација издадена од надлежен орган.

Член 66

Постапувањето со деградираните дрвја на територијата на Општина Велес е регулирано со посебна Одлука. Финасиските средства потребни за извршување на овие работи се предвидени во Годишната програма за уредување и одржување на градското зеленило.

Сечење, кастрење и копање на грмушки и живи огради во зелените површини може да се врши заради безбедност на околината, заради нивно редовно одржување, ако се суви, нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако пречат на подземните и надземните инсталации, кога се оштетени од елементарни непогоди, заради изградба на инвестициони објекти или заради реконструкција на зелените површини.

Член 67

На зелените површини може да се врши прекоп од страна на правни и физички лица за поставување на подземни или надземни инсталации, изградба на објекти и поставување на подвижни и неподвижни предмети само со издадено одобрение на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија /Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура во општината, а по претходно добиена согласност од давателот на услугата.

Одобрението од став 1 на овој член особено треба да содржи определување на рокот во кој треба работите да се завршат, како и рокот во кој зелените површини треба да се доведат во првобитната состојба.

Трошоците за извршување на сите работи утврдени во ставот 1 на овој член се на товар на инвеститорот, односно изведувачот на работите.

Член 68

На јавното зеленило и на земјиштето на кое е предвидено да се уредува зеленило, телефонска, телеграфска, електрична и друга инсталација може да се монтира само подземно.

По исклучок, инсталациите од претходниот став може да се поставаат воздушно, но под услов да не го попречуваат правилниот развој на зеленилото, да не го нарушуваат естетскиот изглед на зеленилото и да не го попречуваат нормалното користење на зелените површини.

Член 69

Во јавното зеленило забрането е:

- Самоволно корнење, сечење и кастрење на зеленилото;
- Било какво оштетување на зеленилото (соголување и засекување на стеблата, откорнување на засаден цветен метеријал, трева и слично);
- Собирање на плодови и цветови од дрвјата;
- Копање и изнесување на земја, копање на канали, вршење на прекопи и слично без одобрение од надлежен орган;
- Фрлање и оставање на отпадоци во зеленилото;
- Истовар, оставање и складирање на стока, амбалажа, градежен шут и друг отпаден материјал, градежен материјал, огревен материјал и слично во и покрај јавното зеленило;
- Чување и напасување на добиток и живина;
- Поставување и потпирање на рекламни паноа и натписи;
- Лепење на плакати, некролози, пропаганден и рекламен материјал на дрвјата;
- Поставување, поправање, замена и пресместување на објекти, уреди, инсталации, урбана опрема (чешми, канделабри, клупи и слично), киосци, знаци, патокази, соопштенија без одобрение од надлежен орган;
- Уништување и оштетување на поставени објекти, уреди, инсталации, урбана опрема, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично поставени со одобрение од надлежен орган;
- Минување, запирање, паркирање и оставање на возила, како и нивно миење;
- Испуштање на отпадни води, киселини, моторно масло и секаква друга материја што предизвикува загадување;
- Газење по тревнатите површини во парковите;
- Поставување и оставање на разни предмети на стеблата и гранките (светилки, носачи на жичани водови, орманчиња, скали, кеси со отпад и слично);
- Убивање, прогонување и вознемирување на животинските видови, како и уништување на нивните развојни облици (ларви, јајца, младенчиња, седалки, легла и слично);
- Експлоатација на камен, чакал, песок и земја во крајбрежните делови на водно-рекреативните површини без одобрение од надлежен орган;
- Стопанска експлоатација на дрвенестите видови кои се прогласени за јавно зеленило.

**XV. Одржување и заштита на општинските патишта, улици и други инфраструктурни објекти**

Член 70

Под одржување на општинските патишта и улици во смисла на оваа Одлука се подразбира периодично, редовно, зимско и интервентно одржување на истите.

Работите во врска со одржување на општинските патишта и улици ги врши Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија/Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комунална инфраструктура.

Работите од ставот 1 на овој член може со договор да се отстапат на извршување на правни лица регистрирани за вршење на овие работи согласно закон.

Член 71

Одржување на улиците и општинските патишта се врши врз основа на План за одржување на јавните патишта (во понатамошниот текст: план) како дел од Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта.

Член 72

Планот кој се однесува на одржувањето на јавните патишта треба да ги содржи најмалку следните информации:

- состојба на патиштата на почетокот на годината;
- цели и стандарди кои треба да се постигнат;
- инвестиции и финансиски план;
- оправданост на проектите за периодично одржување и
-предвидени услови проценети за крајот на годината со примена на инвестициона опција.

Во Планот се предвидуваат мерки за негово спроведување, со детален опис за секое одржување, локацијата, видот на работите, трошоците и финансиските средства со одредени рокови за нивно извршување

Член 73

При периодично одржување се преземаат мерки во интервали од неколку години, со кои се овозможува продолжување на употребната вредност на патната инфраструктура и безбедносната опрема и/или мерки кои овозможуваат патот да ги издржи зголемените осовински оптоварувања или зголемените брзини и тоа:

- надградба и поправка на дотраени коловози,
- санација на свлечишта и заштита на трупот на патот,
- решавање „црни точки“ и уредување приклучоци,
- обнова и дополна на сообраќајна сигнализација и опрема (со подготвен проект и одобрение),
- садење заштитни шумски појаси и хортикултура и
- санирање и зајакнување мостови).

Член 74

Периодичното одржување на општинските патишта и улици ги опфаќа следните активности:

- периодично реновирање на коловозната површина како и слоевите од коловозната конструкција;
- зајакнување и вградување на нов заштитен слој на коловозот;
- ремонт и модернизација на коловозната конструкција;
- подобрување на системот за одводнување;
- заштита од ерозија на насипите, одронувања на карпи и поставување на потребни системи за заштита;
- обнова на конструкции, доколку конструктивниот систем и материјалите не се променети (замена и обнова на коловозот, водонепропусниот слој, спојки, одводнување, заштитна ограда, странични ѕидови, столбови, горниот слој на

коловозот, заштита и потпорни ѕидови, тунелски цевки, анкерување на нестабилни делови од тунелско осветлување и замена на пропусти и мостови со отвори до 10м);

-поправка и замена на сигнализацијата на патната опрема доколку конструктивниот систем и материјалите не се променети и

-подобрување на геометријата на патната сигнализација во услови на корегирање на кривини со должина до 1 км и постапката треба да се изведе доколку за ова подобрување не е потребна експропријација на земјиште.

Извршувањето на активностите од став 1 на овој член предвидени со Планот за одржување на јавните патишта, се врши според Главен проект изготвен согласно стандардите, прописите и техничките елементи за изградба на патишта, кои се во сила.

Член 75

При редовно одржување се преземаат мерки во текот на годината заради обезбедување на услови за безбедно користење и употреба на патот и тоа:

- тековно одржување (санација на ударни дупки, санирање слегнувања на асфалтни површини, санирање коловози, санирање попречни набори и пукнатини, санирање на лизгави површини),
- ископ на патни канавки,
- одржување вертикална и хоризонтална сигнализација и
- поставување и одржување на заштитни огради и обложни мрежи.

Член 76

Редовно одржување на јавните патишта ги опфаќа следните активности:

- Чистење на коловозите и јавните површини;
- Поправка на коловозната површина;
- Одржување на банкините, заштита на косините, насипи, усеци, засеци, чистење и водење грижа за објектите за одводнување на патот, прифатени канавки и патни дренажи;
- Обновување и заштита на огради, сигурносни рампи и заштитна мрежа и останата опрема на патот;
- Чистење, поставување, заменување, обновување или заштита на хоризонталната, вертикалната и светлосната сигнализација на патот и направите за смирување на сообраќајот;
- Одржување на електричните инсталации-замена на прегорените сијалици на клучките/крстосниците и останатите осветлувања на патот;
- Одржување на инсталации, уреди и опрема;
- Обележување на патиштата;
- Контрола на вегетација косење на трева, аранжирање и одржување на зелените појаси и насади/растенија на страничната површина на патот, и
- Одржување на објектите на патот.

Член 77

Работите на редовното одржување треба да се извршуваат на начин при што најмалку на една сообраќајна лента може да се обезбеди нормален и безбеден сообраќаен проток.

Местото на изведување на работите треба да биде јасно означено и обезбедено со соодветна сообраќајна сигнализација, и останати соодветни средства со цел навремено да се известат корисниците на патот за извршување на работите на редовно одржување и можните опасни ситуации.

Член 78

При зимско одржување се преземаат мерки потребни за обезбедување на континуираност и безбедност на сообраќајот во текот на зимски временски услови.

Спроведувањето на активностите за зимското одржување на улиците и општинските патишта се врши врз основа на Годишна програма донесена од советот на општината.

Член 79

При интервентно одржување се преземаат мерки во итни случаи за извршување на сообраќајот и за поправки на патот после оштетувањето предизвикано од непредвидени настани и тоа:

- обезбедување на микролокација на елементарната непогода или непредвиден настан со: луѓе, сообраќајни знаци, бариери или друго физичко обезбедување,

- итно расчистување на патот од последиците на елементарната непогода,

изработка на девијација за времено одвивање на сообраќајот (ако има потреба и услови)

-пренасочување на сообраќајот по други патишта (според приликите на лице место) и

- во зависност од потребите се врши времено оспособување на патот кај критичната микролокација, во период до квалитетно оспособување на истата (санација на штети од елементарни непогоди и слично).

Член 80

Интервентното одржување ја вклучува организацијата и спроведувањето на одржувањето и на регулирањето на сообраќајот надвор од редовниот план за одржување, за работа и работните часови.

Во случај на неочекуван настан (еколошки, земјотрес, временска или сообраќајна незгода), изведувачот на редовното одржување треба да е известен од страна на контролните органи, поединци или од страна на други информативни средства.

Изведувачот го заштитува местото со поставување на соодветни сообраќајни знаци и усмено или писмено да ја извести Агенцијата, одредувајќи ја локацијата, видот на настанот, првите извршени мерења и проценка на трошоците и средствата кои се однесуваат на проблемот.

Член 81

Заради контрола на одржувањето на улиците и општинските патишта потребно е да се прават контроли и тоа:

- Постојана контрола;

- Сезонска контрола – истата се врши во есен и пролет со цел да се оцени состојбата на патот, патниот појас и состојбата на објектите на патот преку визуелен преглед и тоа на:

- оштетувањата на коловозот;
- оштетувањата на банкините;
- состојбата на објектите за одводнување;
- состојбата и изгледот на знаците, обележувањата и направите за смирување на сообраќајот;
- зелените површини покрај јавните патишта;
- косините и
- патната опрема.

Сезонската контрола што се врши во есен е основа за утврдување на планот за

одржување на јавните патишта.

Сезонската контрола во пролет се врши со цел да се провери и утврди годишниот план, согласно со оштетувањата на патот и проблемите кои се јавиле во текот на зимскиот период.

- Вонредната контрола на елементите и објектите на патот може да биде извршена:
  - после сообраќајни незгоди;
  - пред и после поминувања на вонредни товари и
  - после елементарни незгоди (земјотреси,поплави итн.)
  - Извештајот за извршената вонредна контрола треба да биде изготвен не подоцна од еден месец по извршување на истата.
- Годишната контрола на објектите на патот опфаќа мерки врз основа на кои се утврдуваат можни проблеми и неправилности (оштетувања) врз чија основа се утврдуваат потребните мерки за редовно одржување на објектите.

Член 82

Начинот на заштита на јавните патишта е регулиран со подзаконски акт.

Висината на надоместокот за вршење на дејствија кои се поврзани со заштита на јавните патишта се регулирани со посебна Одлука.

**XVI. Одржување на гробишта и давање погребални услуги**

Член 83

Одржувањето на гробиштата опфаќа одржување на придружните објекти, улиците, патеките и зелените површини во гробиштата, јавната чистота на гробиштата, гробниците и инсталациите.

Начинот на управување и одржување на гробиштата во црквата “Свети Великомаченик Пантелејмон”, гробиштата во црквата “Свети Спас” и Новите гробиштата во Раштани.
е уреден во посебна Одлука.

Управувањето и одржувањето на гробиштата ги врши јавното комунално претпријатие основано од општината како управител со гробиштата.

Член 84

Погребални услуги во смисла на оваа одлука се: превземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото за погреб и погреб или кремирање. Погребални услуги вршат правни лица согласно закон како оператори на погребални услуги.

**XVII. Одржување на јавно осветлување**

Член 85

Под одржување на јавното осветлување се подразбира одржувањето на уличното осветлување во исправна состојба и тоа: одржување на објектите и инсталациите, редовна замена на светлечките тела (сијалици и арматури), чистење и боење на електричните столбови.

Член 86

Јавните сообраќајни површини, пешачките патеки на јавните зелени површини мораат да имаат јавно осветлување.

Јавното осветлување мора да биде изведено во склад со современата

светлосна техника, земајќи го во предвид значењето на поодделни делови на градот и населените места и поодделните јавни површини, сообраќајот и потребите на граѓаните.

Светлосните тела мораат да бидат функционални и естетски обликувани.

Јавното осветлување мора редовно да се одржува во состојба на функционална способност.

Јавното осветлување, по правило, мора да свети преку целиот ноќен период.

Член 87

За одржување на јавното осветлување Советот на Општина Велес донесува Годишна програма за одржување на јавното осветлување, во која е утврдена динамиката и обемот на одржувањето, како и потребните средства за одржување на јавното осветлување, потрошувачката на електричната енергија за јавното осветлување, прибраната такса од корисниците и бројот на корисниците.

Член 88

Заради вршење на услугата за одржување на јавното осветлување, општината може да склучи договор со правно или физичко лице.

Следење на реализацијата на Годишната програма за одржување на јавното осветлување врши Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија /Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура на Општина Велес.

Член 89

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување забрането е:

- оштетување, уништување или присвојување на светлосните тела и светлосните столбови;
- поставување огласи, известувања, реклами, некролози, освен со добиено одобрение од Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија /Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура на Општина Велес.

## XVIII. Одржување и користење на јавен простор за паркирање

Член 90

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот за паркирање, објектите во него, давањето на соодветни услуги, како и утврдување на начинот на неговото користење.

Определувањето на локациите, одржувањето и начинот на користење на јавните паркиралишта во општината е регулирано со посебна Одлука.

Јавните паркиралишта мораат да се одржуваат уредни и чисти.

На јавните паркиралишта забрането е вршење на трговска дејност, утовар и истовар на стока, продажба и излагање на производи и стоки, поставување на подвижни и неподвижни предмети и други работи што не се во склад со намената на јавниот простор за паркирање.

Дозволено е користење на јавните паркиралишта за манифестации по претходно добиено одобрение од Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија /Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура на Општина Велес.

## XIX. Одржување и користење на отворени и затворени пазари на големо и мало

Член 91

Под одржување и користење на отворени и затворени пазари на големо и мало (во понатамошниот текст: пазари) се подразбира изградба, одржување на објектите и просторот на истите.

На пазарите на големо може да се врши само трговија на големо, а на пазарите на мало само трговија на мало.

Трговија на големо е купување на стоки заради понатамошна продажба од страна на трговците, преработувачите и големите потрошувачи, без оглед на тоа дали стоката е продадена во неизменета или во изменета состојба по обработка, преработка или доработка.

Трговија на мало е продавање на стоки на крајните потрошувачи.

Како трговија на стоки на крајните потрошувачи се смета трговијата на стоки за лична потрошувачка и трговија на стоки за потребите на домаќинствата.

Член 92

Постоечки пазари на територија на Град Велес се: Градски пазар и Пазар во Нова Населба (покриен пазар).

Со постоечките пазари стопанисува јавното комунално претпријатие основано од општината.

Утврдување на локација на нов пазар се врши со одлука на Советот на Општина Велес по претходно усвоена урбанистичка документација.

Член 93

Одржувањето и користењето на пазарите го врши јавното комунално претпријатие основано од општината и правно или физичко лице овластено од страна на општината (во натамошниот текст: давател на услуга).

По завршувањето на продажбата на пазарите во пазарен ден давателот на услугата е должен веднаш да изврши комплетно чистење на пазарот и опремата.

Во непазарни денови е должен да ја одржува чистота на пазарот и опремата во задоволителна состојба.

Давателот на услугата е должен најмалку еднаш неделно да врши детално миење на пазарите и опремата, освен во зимскиот период при температура помала од 2°C.

Во зимскиот период давателот на услугата е должен да го чисти снегот и мразот во пазарите.

На пазарите мора да има доволен број типизирани садови за отпад, поставени на соодветни места.

Член 94

Средствата за одржување на пазарите се пресметани во цената за наплата на пазарна такса од страна на корисниците на услугата, утврдена во посебна Одлука.

Член 95

На територијата на Град Велес пазарни денови се: вторник, петок и недела, а пазарите се отворени за продажба секој ден во неделата.

Во летниот период работното време на пазарите започнува од 05:00 часот до 20:00 часот, а во зимскиот период од 05:00 часот до 18:00 часот.

Зимскиот период започнува од 1-ви октомври до 31-ви март, а летниот период од 1-ви април до 30-ти септември.

Член 96

На пазарите се врши трговија на големо и мало на земјоделски стоки согласно закон.

На посебно организирани делови на пазарите може да се врши трговија на големо и мало и на други стоки согласно закон.

Член 97

Давателот на услугата кој стопанисува со пазарите е должен да утврди и истакне пазарен ред, а корисниците на продажниот простор и опрема се должни да се придржуваат на истиот.

Член 98

Пазарите мораат да ги исполнуваат минимално-техничките услови, како и други услови пропишани со закон.

Член 99

Пазарните површини треба да бидат изградени од асфалтна или бетонска подлога, со рамна или мазна површина, погодни за чистење и миење, со исправна вода за пиење, исправна канализациона мрежа со доволен број сливници и санитарен јазол.

Член 100

Доставување и однесување на стока до и од градските пазари е утврдена со посебна Одлука.

Член 101

На пазарите се забранува:

- складирање и продажба на стока надвор од продажните места обележани на пазарот;
- фрлање на неквалитетни и непродадени производи, амбалажа и друг отпад надвор од садовите за отпад;
- палење оган и ноќевање во просторот на пазарот;
- продавање на стоки надвор од работното време на пазарите;
- продавање на стоки кои не се дозволени согласно закон.

## XX. Вршење на оџачарски работи

Член 102

Под вршење на оџачарски работи се подразбира чистење на оџаци и опрема за одведување на чад (димоводни уреди).

Оџаци се вертикални канали изведени од различен несогорлив материјал и се дел на секое ложиште.

Опрема за одведување на чад (димоводни уреди) се хоризонтални и вертикални канали изведени од различен несогорлив материјал за спроведување на продукти од согорување од секое ложиште.

Член 103

Оџачарски услуги може да вршат правни и физички лица регистирани за вршење на оваа дејност со соодветна стручна оспособеност.

Член 104

Корисници на оџачарски работи (во понатамошниот текст: корисниците) се сите правни и физички лица на територијата на Општина Велес.

Член 105

На барање на корисникот, давателот на услугата е должен најмалку 5 дена пред отпочнувањето на работите, писмено да го извести корисникот за денот и часот кога ќе се извршуваат оџачарските работи.

Корисниците се должни на лицето кое врши оџачарски работи да му создадат услови за непречено извршување на оџачарските работи.

По завршување на чистењето, давателот на услугата е должен на корисникот да му издаде потврда за извршени оџачарски работи.

Трошоците за оџачарските работи паѓаат на товар на корисникот.

Член 106

Исправноста на состојбата на оџаците и опремата за одведување на чад (димоводни уреди), начинот на чистењето, фреквенцијата на чистењето и контролата е регулирано со подзаконски акт.

**XXI. Одржување на урбана опрема**

Член 107

Под одржување на урбана опрема се подразбира одржување во функционална состојба на предмети и објекти за заедничка потрошувачка како што се: фонтани, споменици, клупи, рекламни паноа, градски чешми, часовници, опрема за детски и други игралишта, садови за отпад, опрема за постојки, јавни телефонски говорници, поштенски сандачиња и друго.

Член 108

Одржувањето на урбаната опрема се врши редовно, периодично и интервентно.

Работите од ставот 1 на овој член општината со договор ќе ги довери на извршување на правни или физички лица согласно закон.

Одржувањето на градските чешми и фонтани и садовите за отпад ќе го врши јавното комунално претпријатие основано од општината.

Јавните телефонски говорници и поштенските сандачиња ги одржува правното лице кое ја врши дејноста на поштенските услуги и телекомуникацијата.

Средствата за одржување на урбаната опрема се предвидуваат согласно Годишна програма од буџетот на општината, освен средствата за одржување на јавните телефонски говорници и поштенските сандачиња кои се на товар на правното лице од став 4 на овој член.

Средствата за потрошена вода од јавните чешми и фонтани со уредно поставен водомер се на товар на општината.

Член 109

Урбаната опрема постојано мора да се одржува во функционална и исправна состојба.

Член 110

Правни или физички лица сопственици на станови во колективните станбени објекти може да постават часовници само со одобрение на Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија /Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура на Општина Велес. Истите мора да се одржуваат во уредна и исправна состојба.

Член 111

Заради функционалност и во согласност со намената на урбаната опрема забрането е:

- Миење, перење и капење во јавните чешми и фонтани;
- Напојување на животни на јавните чешми и фонтани;
- Уништување и преместување на урбаната опрема;
- Пишување на натписи и графити на урбаната опрема;
- Лепење на било каков информативен, рекламен, пропаганден или изборен материјал;
- Фрлање и оставање на комунален отпад во и околу истите;
- Загадување на водата во јавните чешми и фонтани;
- Поливање со било какви течности на урбаната опрема.

## XXII. Отстранување и чување на хаварисани, искористени и приклучни возила и земјоделски машини со приклучни или без приклучни орудија

Член 112

Под отстранување и чување на хаварисани, искористени и приклучни возила и земјоделски машини со приклучни или без приклучни орудија (во понатамошниот текст: возила и машини) се подразбира начинот и постапката за нивно отстранување од јавни сообраќајни и други јавни површини на подрачјето на Општина Велес и нивно понамошно чување.

Член113

Под отстранување и чување на возила и машини се подразбира нивно подигање и транспортирање со помош на специјални возила, како и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за нивно чување.

Јавни сообраќајни површини се: коловозот на јавните патишта, улици, плоштади, паркиралишта, тротоари, пешачки патеки и други јавни сообраќајни површини.

Под други јавни површини во смисла од оваа Одлука се јавното зеленило и други јавни неизградени површини.

Член 114

Хаварисани возила се оние возила кои поради настаната хаварија се оштетени и не се во состојба да се движат со силата на сопствениот мотор.

Искористени возила се оние возила чијашто употребна функција престанала и кои сопственикот ги отфрлил, има намера да ги отфрли или од него се бара да ги отфрли.

Приклучни возила се: камп, товарни и тракторски приколки.

Земјоделски машини со приклучни и без приклучни орудија се оние машини и орудија кои се користат за обработка на земјоделски површини.

Член 115

Отстранувањето на возилата и машните го врши овластен субјект од страна на

општината, а по заклучок за дозвола за извршување на општинскиот комунален инспектор, во присуство на униформиран полициски службеник.

Општината ќе спроведе постапка за избор на субјект кој ќе го спроведува отстранувањето за сметка на општината.

Член 116

За отстранување на возила и машини, надлежниот инспекциски орган на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото и/или машината ќе му издаде решение со кое ќе му наложи отстранување на возилото и/или машината во определен рок од денот на врачувањето на решението.

Доколку сопственикот, односно носителот на правото на користење не постапи по решението во пропишаниот рок, надлежниот инспектор изготвува записник и издава заклучок за извршување за отстранување до овластениот субјект и сопственикот, односно носителот на правото на користење возила и/или машини.

Хаварисаните и искористени возила чии сопственици не се познати се отстрануваат со решение и заклучок со дозвола за извршување од овластениот комунален инспектор.

Отстранувањето и чувањето е на трошок на сопственикот, носителот на правото на користење возила и машини, освен од став 3 на овој член, каде отстранувањето е на трошок на општината.

Член 117

Овластениот субјект е должен отстранетите возила и/или машини  да ги смести на посебно обезбеден простор наменет за нивно чување.

Чувањето на хаварисаното и искористеното возило и/или не може да трае подолго од 30 дена.

Доколку сопственикот односно носителот на правото на користење не се јави во рок од 30 дена, овластениот субјект го отуѓува возилото согласно закон.

Член 118

При враќање на отстранетото возило и /или машина, сопственикот, односно носителот на правото на користење е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и/или машината и доказ за сопствениот идентитет.

Примопредавањето од претходниот став се врши на просторот за чување на возилата и машините.

По исклучок од ставот 2 на овој член, примопредвањето може да се изврши и на самото место од каде се отстранува, додека возилото и /или машината не е поставено на платформата на специјалното возило.

Член 119

Примопредавањето на отстранетото возило и/или машина се врши по наплатата на трошоците за отстранување и чување, односно со приложен документ за наплатени трошоци.

Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на хаварисаните и искористени возила ги утврдува Советот на општината со посебна Одлука.

## XXIII. Уловување и третман на кучиња – скитници

Член 120

Под уловување и третман на кучиња - скитници се подразбира спроведување на активности за стручен третман или еутаназија на кучињата–скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Велес.

Под стручен третман на кучиња–скитници и нерегистрирани кучиња се подрабира заловување и транспорт до прифатилиште, лабараториско испитување на крв, вакцинирање против беснило и антипаразитен третман, кастрација, престој во прифатилиштето, идентификација и враќање во реонот.

Под еутаназија се подразбира заловување и транспорт до прифатилиште, лабараториско испитување на крв, вакцинирање против беснило и антипаразитен третман, престој во прифатилиштето и еутаназија.

Член 121

Уловувањето и третманот на кучиња-скитници и нерегистрирани кучиња општината може да му го довери на правно или физичко лице кое поседува одобрение за регистрација на објект–прифатилиште за сместување на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња.

Правата и обврските помеѓу општината и лицето од став 1 на овој член се регулираат со посебен договор.

Исполнување на техничките услови во прифатилиштата, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките на еутаназија, водење на евиденција и регистрација и вршење на надзор се регулирани со подзаконски акт.

## XXIV. Украсување на градското подрачје и населените места

Член 122

Под украсување на градското подрачје и на населените места на подрачјето на Општина Велес се подразбира украсување, уредување и осветлување во посебни пригоди, свечености, новогодишни и божиќни празници.

Украсување се врши со: украси, фигури, светилки и светлечки тела.

Член 123

Забрането е уништување, оштетување и отуѓување на украсите, фигурите, светилките и светлечките тела.

## XXV. Отстранување и чување на добиток и живина во урбани средини и во наслени места

Член 124

На подрачјето на Град Велес, во границите на градежниот опфат, утврден со Генералниот урбанистички план се забранува чување, сместување, терање, задржување, напасување и колење на секаков вид на добиток и живина.

Под добиток се подразбира домашни животни од видовите: копитари, говеда, свињи, овци, кози, зајаци, живина, пчели, полжави и одгледуван дивеч.

Под живина се подразбира: кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелици, гулаби, фазани, еребици, ноеви, размножувани или чувани во затворен или ограден

простор заради одгледување или чување за размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч.

Член 125

На подрачјето на градот, во градежниот опфат чување на гулаби е дозволено само во дворните места на индивидуалните станбени објекти.

Гулабарникот треба да биде изграден од цврст материјал со бетонски под, поврзан на канализациониот систем и истиот постојано да се одржува чист.

Од гулабарникот не смее да се шири непријатна миризба во околината.

Чувањето и одгледувањето на гулаби не смее да го нарушува редот и мирот на граѓаните.

Член 126

Во населените места е дозволено одгледување на добиток и живина исклучиво за индивидуални потреби.

Одгледувањето се врши во објекти кои ги задоволуваат санитарно-хигиенските прописи.

Шталите во населените места мора да бидат изградени одвоено од станбените и деловните објекти и да се оддалечени од соседите на растојание од најмалку 10 метри.

Објектите е неопходно да се одржуваат чисти и од нив да не се шири непријатна миризба.

Во дворот околу објектите за чување на добиток и живина не е дозволено складирање на ѓубриво од добиток и живина.

Во атарот на населеното место не е дозволено организирано чување на добиток и живина.

Член 127

Се забранува чување на добиток и живина надвор од градежен реон на градот на површини утврдени како излетнички места, зони за одмор и рекреација, викенд зони и заштитен зелен појас.

## XXVI. Чување на домашни миленици

Член 128

На подрачјето на Општина Велес во дворните места на индивидуалните станбени објекти може се чуваат домашни миленици, под услов истите да бидат регистрирани во надлежната ветеринарна институција и редовно вакцинирани.

Се забранува чување на домашни миленици во дворните површини на колективните станбени згради и отворените простори на јавните објекти.

Забрането е оставање на фекални остатоци од домашните миленици на јавна површина. Сопственикот на домашниот миленик е должен да ја исчисти површината од фекални остатоци од неговиот домашен миленик.

Сопственикот на домашните миленици е должен сместувањето и чувањето на милениците да го уреди на начин што нема да го нарушува мирот и спокојството на граѓаните.

Миленикот може да се изведе надвор од дворното место само со кошница на устата и врзан со ремен.

Сопственикот на ловечките кучиња е должен при минување низ градот и населеното место кучето да го држи заврзано, а за лов да го пушти по излегувањето од градот и населеното место.

**XXVII. Поставување на плакати, банери, огласи, објави и некролози**

Член 129

Плакатите, банерите, огласите и објавите (во натамошниот текст: плакати) можат да се истакнуваат само на огласни места, рекламни столбови или рекламни паноа.

По исклучок, за одредени манифастации, Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија/Одделението за урбанизам и заштита на животна средина на Општина Велес може да одобри истакнување на плакатите и на други места.

Трошоците настанати околу отстранување на плакатите и чистењето ги сноси организаторот на приредбата или манифестацијата, односно правните и физичките лица чија приредба, манифестација или производ се огласува.

Некролози се поставуваат на посебно определени локации кои се утврдени со посебна Одлука.

**XXVIII. Поставување и отстранување на подвижни предмети**

Член 130

Подвижни предмети во смисла на оваа Одлука се: штандови, тезги, колички за продажба на разни артикли (пластични предмети, сталажи за продажба на најлони на метро и слично), гајби со повратна амбалажа, фрижидери за сладолед, печки и направи за печење на разни плодови (костени, бадеми, лешници, пуканки и слично), направи за чистење на чевли.

За подвижни предмети во смисла на оваа Одлука се сметаат и шатори во кои се врши угостителска дејност, луна паркови, направи и опрема за хуманитарни акции, културни настани, забавни игри, детски автомобили на батериски погон, автомобили како лотариски награди и слично.

Член 131

Со поставувањето на подвижните предмети не смее да се попречува или отежнува движењето до влезовите на зградите или на другите објекти, да се загрозува безбедноста на сообраќајот, односно да се попречува прегледноста на патот или пак да се уништуваат јавните зелени површини, да се наруши естетскиот или општиот изглед на тој простор и да се создава преголема бучава која ќе овозможи вознемирување на граѓаните.

Член 132

За поставување на подвижните предмети потребно е да се добие одобрение од Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија /Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комунална инфраструктура на Општина Велес.

Во одобрението од претходниот став се одредува потребната површина и локацијата за поставување, начинот на уредување на завземената површина и времето за кое се поставува предметот, како и посебни услови во зависност од предметот кој се поставува .

Со барањето за поставување на подвижните предмети потребно е да се

приложи скица и технички опис.

Одобрението од овој член се издава за период најмногу до 60 дена.

## XIX. Одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори

Член 133

Под одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори се подразбира превземање на активности и мерки за обезбедување на непречен проток на водата во речното корито и отстранување на наноси (земја, дрвја, отпад и друг вид на наносен материјал).

Член 134

Одржувањето и чистењето на речните корита во урбанизираните простори општината може да му го довери на јавното комунално претпријатие основано од општината или на правни и физички лица со кои ќе склучи договор за вршење на овие работи.

Средствата за одржување и чистење на речните корита се предвидуваат согласно Годишна програма од буџетот на општината.

Член 135

Забрането е фрлање на предмети, отпад, трупови од мртви животни или нивни делови на речното крајбрежје и во речните корита.

## XXX. Мерки за спроведување на комунален ред

Член 136

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија на Општина Велес.

Член 137

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат овластениот комунален инспектор и комуналните редари на општината.

## XXXI. Преодни и завршни одредби

Член 138

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за комунален ред и мерки и нејзино спроведување во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.2/98), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки и нејзино спроведување во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.2/01), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки и нејзино спроведување во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.4/02) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки и нејзино спроведување во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.5/03), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки и нејзино спроведување во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.5/04).

Член 139

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во

"Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Уредувањето на комуналниот ред во општината е комплексна работа, која опфаќа многу чинители од кои зависи квалитетот на комуналните услуги на територијата на општината.

Заради организирање и квалитетно вршење на комунални дејности и стопанисување со објекти на комуналната инфраструктура од локален карактер, се носи оваа одлука која ги регулира комуналните дејности во 27 подглавја, во кои е

уредено целокупното одржување, управување, постапување и организирање на одделни комунални дејности во општината.

Главна цел на Одлуката е воведување на мерки за комунален ред со кои ќе се исполнат барањата од македонското законодавство, согласно новиот Закон за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр. 95/12).

Одлуката ги прецизира обврските на давателите и на корисниците на услугите, овозможува создавање на услови за испорачување на поквалитени комунални услуги за граѓаните, зголемување на задоволството на корисниците на услугите, а ги регулира и обврските на општината во делот на планирањето, програмирањето и финансирањето на активностите за спроведување на комунален ред на нејзината територија.

Со одлуката за комунален ред се овозможува уредување на области од комунална дејност кои досега не биле уредени во општината, доуредување и надградување на областите кои се регулирани со претходната Одлука за комунален ред, а кои ги засегаат граѓаните и предизвикуваат проблеми во нивното опкружување и урбано живеење.

Со оваа Одлука ќе се овозможи постепено подобрување на постојниот систем за вршење на комунални дејности на територијата на општината, подобар надзор и подобра контрола.

Законски основ за донесување на оваа Одлука е член 12, став 2 од Законот за комунални дејности, според кој ”Заради подетално уредување на односите во комуналните дејности, утврдени со закон, Советот на општините донесува одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување”.